РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-29 1/2
07-11-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 24-та седница одржана на 03.11.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-3014/1 од 22.11.2024 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости на спроведена постапка за унапредување на административни службеници во Управата за ---------- -- ------------ -----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-3014/1 од 22.11.2024 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 22.11.2024 година, доставена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во спроведена постапка за унапредување на административни службеници во Управата за ---------- -- ------------ ----------- и оформен е предмет број 12-3014/1 од 22.11.2024 година.
Во пријавата е наведено дека во последниот квартал во 2023 година била спроведена постапка за унапредување на лица вработени во Управата, спротивно на Законот за административни службеници.

Заради утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК побара од Државниот управен инспекторат да постапи во рамките на своите законски надлежности и да изврши надзор над спроведената постапка за унапредување во Управата за периодот од последниот квартал на 2023 година и за исходот да ја извести Државната комисија со достава на прилог документација.

Од Државниот управен инспекторат добиен е одговор каде е наведено дека е извршен вонреден инспекциски надзор во Управата над постапката по интерен оглас бр.---/2023 година. Инспекторатот известува дека по извршен непосреден увид во сите списи е констатирано дека од страна на субјектот на надзорот во текот на последниот квартал од 2023 година, била спроведена една постапка за унапредување на административни службеници преку интерен оглас бр.--/2023 за 7 работни места и 8 извршители. Дополнително, наведено е дека при утврдување на фактичката состојба од овој надзор, управниот инспектор го имал предвид и фактот дека во Комисијата за селекција како членови учествуваат и службени лица од Агенцијата за администрација која е второстепен орган кој постапува по жалби од административни службеници, односно орган кој согласно Законот за административни службеници ја ценел законитоста на постапката за пополнување на работните места преку постапката за унапредување по интерниот оглас. Поради наведеното Државниот управен инспекторат укажува дека управниот инспектор нема надлежност да ја цени законитоста на донесените акти во конкретната постапка за пополнување на работните места на административните службеници преку постапка на интерниот оглас, по што инспекциската постапка ИП1 бр.1742/ од 25.12.2024 година била запрена.

ДКСК во своето постапување по оформениот предмет, од увидот во записникот за извршен вонреден инспекциски надзор констатира дека покрај горенаведените околности, инспекторот констатирал дека се спроведени сите фази од постапката согласно Законот за административни службеници.

Од наведените причини, ДКСК утврди дека не се потврдуваат наводите во доставената пријава, поради што согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Заменик претседател

м-р Цвета Ристовска

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК